# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 17.3.2021 година<br>Скопје<br>Број 6 год. XVI | Претплатата за 2020 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


март, 2021 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлука за давање на времено користење на службени патнички моторни возила, со Решение за објавување ............. 1 - 2

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ“ БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19 и 1/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање на времено користење на службени патнички моторни возила**

Се објавува Одлуката за давање на времено користење на службени патнички моторни возила,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 11. вонредна седница, одржана на 17.3.2021 година.

Бр. 09-1750/3
17.3.2021 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19 и 1/21) и член 3 став 2 и член 21 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ" бр. 78/15; 106/15; 153/15; 190/16; 21/18; 101/19 и 275/19) Советот на Општина Центар-Скопје на 11. седница, одржана на 17.3.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на времено користење на службени патнички моторни возила**

**Член 1**

На Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија- Биро за јавна безбедност, Сектор за внатрешни работи „Центар-Бит пазар", за потребните на Полициска станица од општа надлежност „Центар" - се даваат на времено користење без надоместок следниве службени патнички моторни возила во сопственост на Општина Центар-Скопје:

1. Патничко моторно возило FORD-FOKUS, со регистарска ознака SK 010 MF, идентификационен број на возилото WF05XXGCD55K77271, тип мотор 5K77271, боја на возилото METALIK SIVA/7F, сопственост на Општина Центар-Скопје.

2. Патничко моторно возило CHEVROLET SPARK, со регистарска ознака SK 592 UT, идентификационен број на возилото KL1MF4819AC236260, тип мотор B10D, боја на возилото CRVENA/76, сопственост на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Службените патнички моторни возила во сопственост на Општина Центар-Скопје се даваат на времено користење за период од два (2) месеца.

По истекот на рокот предвиден во став 1 од овој член, наведените патнички моторни возила се враќаат на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1750/2
17.3.2021 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.